Предлог

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), член 53 став 6 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19, 229/20, 3/25 и 74/25), и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21),

Советот на Општина Велес на 67-та седница одржана на ден __.08.2025 година донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за давање согласност за формирање паралелки**
**со помал број на ученици и комбинирани паралелки**
**за учебната 2025/2026 година на ООУ „Стојан Бурчевски-Буридан“**
**с. Иванковци**

1. Со ова Решение се дава согласност на ООУ „Стојан Бурчевски-Буридан“ с.Иванковци да формира паралелки со помал број на ученици и комбинирани паралелки за учебната 2024/2025 година и тоа:

Централно училиште

- 1 паралелка за I одделение со 5 ученици
- 1 паралелка за II одделение со 8 ученици
- 1 паралелка за III одделение со 9 ученици
- 1 паралелка за IV одделение со 7 ученици
- 1 паралелка за V одделение со 8 ученици
- 1 паралелка за VI одделение со 2 ученика
- 1 паралелка за VII одделение со 5 ученици
- 1 паралелка за VIII одделение со 5 ученици
- 1 паралелка за IX одделение со 8 ученици.

Во подрачното општинско училиште с.Сојаклари

- 1 комбинирана паралелка за II, IV и V одделение со 6 ученици
- 1 паралелка за VI одделение со 4 ученици
- 1 паралелка за VII одделение со 4 ученици
- 1 паралелка за IX одделение со 3 ученици.

Во подрачното општинско училиште с. Отовица

- 1 комбинирана паралелка за II и III одделение со 4 ученици.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Претседател
на Советот на Општина Велес,
Даниел Јаневски с.р

**Образложение**

До Советот на Општина Велес од страна на ООУ „Стојан Бурчевски Буридан“ с.Иванковци доставено е барање за добивање согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици и комбинирани паралелки во учебната 2025/2026 година.

Со оглед на тоа што бројот на запишани ученици е помал од законски Општина Велес се обрати со барање со арх.бр.08-3665/7 од 25.07.2025 година и Ургенција со арх.бр.08-3665/8 од 15.09.2025 година до Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија, Сектор за основно образование, за добивање на позитивно мислење.

Согласно член 53 став 6 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19, 229/20, 3/25 и 74/25): „Паралелка може да се формира и со помалку од 20 ученици по добиена согласност од основачот“.

Врз основа на горенаведеното, а со оглед на тоа што бројот на запишани ученици е помал од законски предвидениот минимум за формирање на паралелка, се предлага ова Решение до Советот на Општина Велес.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Општинско основно училиште
Стојан Бурчевски Буридан
Бр. 03 - 270/2
18. 07. 2025 год.
с. Иванковци, Велес

| **Запишни ученици во ООУ,,Стојан Бурчевски-Буридан,, с. Иванковци** | **Вкупен број на ученици** | **Предлог - Број на паралелки учебна 2025/2026 година** | **Согласност од основачот** |
|---|---|---|---|
| **с.Иванковци** | | | |
| Одделенска настава | | | |
| I | 5 | **1** | |
| II | 8 | **1** | |
| III | 9 | **1** | |
| IV | 7 | **1** | |
| V | 8 | **1** | |
| Вкупно (одд,настава) | **37** | **5** | |
| Предметна настава | | | |
| VI | 2 | **1** | |
| VII | 5 | **1** | |
| VIII | 5 | **1** | |
| IX | 8 | **1** | |
| Вкупно (предметна настава) | **20** | **4** | |
| **Вкупно Иванковци** | **57** | **9** | |
| **ПУ Сојаклари** | | | |
| Одделенска настава | | | |
| II | 2 | **1** | |
| IV | 2 | | |
| V | 2 | | |
| Вкупно (одд,настава) | **6** | **1** | |
| Предметна настава | | | |
| VI | 4 | **1** | |
| VII | 4 | **1** | |
| IX | 3 | **1** | |
| Вкупно (предметна настава) | **11** | **3** | |
| **Вкупно ПУ Сојаклари** | **17** | **4** | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **ПУ Отовица** | | | |
| II | 2 | | |
| III | 2 | **1** | |
| **Вкупно ПУ Отовица** | 4 | **1** | |

Образложение:

ООУ „Стојан Бурчевски – Буридан“, с. Иванковци е училиште кое ја реализира својата воспитно-образовна дејност во рурална средина. Наставата се одвива во четири училишни објекти, лоцирани во населените места: Иванковци, Сојаклари,Мамутчево и Отовица.

Подрачното училиште во с. Мамутчево, оваа учебна година ќе биде ставено во мирување поради недоволен број на ученици.

Врз основа на просторните услови и бројот на ученици, е направена најсоодветна распределба на паралелките, со цел оптимално организирање на наставниот процес.

Директор
Трајче Недев